# Маја е љубоморна

Маја Гроздановска - Панчева го промовираше новиот сингл "Љубомора" по радиостаниците. Песната е најава за соработката со белградскиот композитор Чеда Чворак од групата "Луна". Маја ќе испее уште три песни од овој автор, за македонскиот и за српскиот музички пазар. Ќе се снимаат во нејзиното студио во Скопје, а ќе се доработуваат во Белград. Текстот на македонската "Љубомора" е на Борче Нечовски. Оваа недела, Чедо Поповски ќе работи на видеоизданието.

*(М.Џ.)*



# "Макфест" во потрага по дебитанти



*Од дебитант до победник на "Макфест": Бојана*

Фестивалот на музика "Макфест" ги почна подготовките за новото издание. Трета година по ред најпрво се избираат дебитантите, со кои и започнува фестивалското дружење. И оваа година новите пејачки имиња ќе се избираат со аудиција, која ќе почне на први февруари и ќе трае сé додека не се пополни бројката од 14 пејачи кои треба да се појават на сцената во Штип. Младите пејачки имиња кои се сигурни дека знаат да пеат ќе треба да се јават на телефоните 070-276-224 или 032-385-511 за да го пријават своето учество.

*(В.М.)*

# Ѓоко Мишковски со деби-албум

Музичарот Ѓоко Мишковски завчера во кафе "Чао" го промовираше првото цеде "Journey to Dreamland". На албумот има десет инструментални електронски теми. Музиката е новосоздадена, инспирирана од македонското народно творештво. Поголемиот дел од материјалот е снимен во студиото "Кларион", како и во "Блу студио" и "МХ студио". Издавач на цедето е "Лабино".

На промоцијата премиерно беше прикажан спотот за "Hawks theme".

*(М.Џ.)*

## Музиката од "Врти сучи, тоа ти е Скопје" со саундтрак

Емисијата "Врти сучи, тоа ти е Скопје" на Ана Зафирова, што се прикажува на Канал 5, наскоро со саундтрак. За секоја емисија ќе се снима по една нова оригинална музичка нумера. А, потоа сите песни од секоја нова емисија ќе бидат ставени на цеде. Автор на музиката е електронскиот музичар Дарко Спасовски - Пацки, и ова ќе биде негово прво музичко издание. Музиката на цедето ќе биде дистрибуирана по домашните диџеи, а потоа ќе се пушта по скопските дискотеки и клубовите низ Македонија. **(А.Г.)**

## "Нема утеха" на Пилева најбарана песна од топ-листата на Мобимак




Макфестовската песна на Александра Пилева, "Нема утеха", е најпосакуваната мелодија на мобилните телефони од музичката топ-листа на "Мобимак". Според податоците, од минатата недела досега "Нема утеха" најмногу била симната од веб-сајтот на "Мобимак" и инсталирана на мобилките. Со ова Пилева ги претрка и странските и домашните пејачи кои се наоѓаат на музичката мобил топ-листа, и тоа од калибарот на "Депеш Мод", Владо Јаневски, Роби Вилијамс, Иги Поп... **(А.Г.)**

## Нов документарец за "Златна бубамара"

Мини документарниот филм "Пет години Златна бубамара на популарноста" е преработен во нова верзија: "Седум години Златна бубамара". Новата верзија ќе ја гледаме на "Канал 5" телевизија, следната недела.

Во филмот за "Бубамарата" зборуваат неколку наши јавни фаци, а има и снимки од најинтересните моменти од доделувањето на наградите за најпопуларните. Старата верзија ја изработи "Прва партизанска продукција", а новата ја надополни "Дивижн".

Годинешново, осмо издание ќе се одржи на 12 или на 15 февруари во Универзалната сала. **(М.Џ.)**